# FIX 15

## ЛЕПИЛО ЗА ФОЛИИ

Еднокомпонентно еластично лепило врз база на модифицирана акрилна дисперзија со одлична адхезија на разни видови фолии и градежни материјали. Лепилото е погодно за лепење на разни видови фолии и за херметичко затворање и заптивање со парна бариера.













## СВОЈСТВА

- Еластичност.
- Лесно се нанесува.
- Добра адхезија на разни порозни и непорозни подлоги.
- Добра адхезија на разни видови фолии.
- Лепилото може да се нанесува на влажни површини.
- Без растворувачи, силикони и изоцијанат ("без VOC").
- Свежото лепило лесно може да се исчисти со вода.
- Боја: сина.

## ТЕСТИРАЊА И СЕРТИФИКАТИ

Ги исполнува барањата на DIN 4018-7.

## НАМЕНА

- За трајно запечатување и прицврстување на алуминиумски, полиетиленски и полиамидни фолии на краевите и спoеви со контактни градежни елементи како малтер, бетон, дрво и метални подлоги.
- За адхезија на преклопни фолии.
- За лепење на заптивни ленти при вградување на енергетски ефикасни прозорци.
- За херметичко затворање и заптивање со парна бариера.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| **Нестврдната маса** | |
| Основа | модифицирана акрилна дисперзија |
| Изглед | паста |
| Механизам на стврднување | испарување на водата |
| Густина | 1200 ± 20 kg/m³ |
| Време на формирање на филм: 23 °C/50 % рел. влажност | ~ 40 мин. |
| Температура на примена | од +5 °C до +40 °C |
| **Стврдната маса** | |
| Отпорност на температура | од -20 °C до +75 °C |

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

- Површините за лепење мора да бидат цврсти, чисти и без прашина и маснотии. Отстранете ги сите откршени и лошо поврзани делови
- Лепилото може да се нанесува и на влажни површини.
- Нанесете го лепилото во непрекината линија на една од површините што се лепат (на фолијата или на градежниот елемент), притиснете ги и фиксирајте ги површините.

- Оптималната ширина на залепениот слој е 25 mm, а оптималната дебелина на нанесеното лепило од 3 до 4 mm.
- Исчистете ги свежиот лепак и алатките со вода по употребата. Стврднатата маса може да се отстрани механички.

## АМБАЛАЖА

- Туба од 300 мл.

## СКЛАДИРАЊЕ

12 месеци на суво место на температура помеѓу 5 °C и 25 °C, во оригиналното запечатено пакување.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ЛЕПИЛОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ

Дополнителни информации за безбедноста, упатства за безбедно ракување, информации за личната заштитна опрема и информации за отстранување на лепилото може да се најдат во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Може да добиете примерок и од вашиот продажен претставник на ТКК.

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Дадените информации се врз основа на нашите тестирања и практично искуство. Сепак, поради специфичните услови и методи на работа препорачуваме да се направи проба пред секоја употреба.